**20151484182**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## УКАЗ ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА МАТИЧНАТА ЕВИДЕНЦИЈА

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за матичната евиденција,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 24 август 2015 година.

Бр. 08- 3713/1
24 август 2015 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
д-р **Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА МАТИЧНАТА ЕВИДЕНЦИЈА

Член 1

Во Законот за матичната евиденција (“Службен весник на Република Македонија”, број 8/95, 38/2002, 66/2007, 98/2008, 67/2009, 13/13 и 43/14 ), во член 7 во став (1) зборот “организација” се заменува со зборот “установа”, а зборот “организацијата” се заменува со зборовите: “здравствената установа”.

Во ставот 2 зборот “организација” се заменува со зборот “установа”.

Член 2

Во член 13 став (1) во точката (2) зборот “организацијата” се заменува со зборот “установата”.

Член 3

Во член 15 во ставот (2) зборот “организација” се заменува со зборот “установа”, а зборот “организацијата” се заменува со зборовите: “здравствената установа”.

Член 4

Во член 16 во ставот (1) зборот “организација” се заменува со зборот “установа”.

Член 5

Во член 31 во став (1) зборовите: “500 до” и зборот “јавната” се бришат.

Ставот (2) се менува и гласи:

“Глоба во висина од 30% од одмерената казна за здравствената установа, ќе му се изрече за прекршокот од ставот (1) на овој член и на одговорното лице во здравствената установа”.

По ставот (2) се додава нов став (3), кој гласи:

“(3) Глоба во износ од 200 до 300 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на службеното лице во Армијата на Република Македонија и на службеното лице во казнено-поправна установа ако не постапи согласно член 15 став 2 од овој закон.“

Член 6

По член 32-а се додава нов член 32-б, кој гласи:

“Член 32-б

Одмерувањето на висината на глобата за здравствената установа се врши согласно Законот за прекршоци.”

Член 7

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во “Службен весник на Република Македонија”.